АДКОМ
Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија

12. МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА

# ИДНИНАТА НА КОМУНАЛНИОТ СЕКТОР

11-13 ЈУНИ 2025 ГОДИНА

ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВРЕМЕ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Конференцијата ќе се организира во времетраење од три дена и ќе се одржи во Охрид – хотел „Метропол“, во периодот од 11 до 13 јуни 2025 година.

## РАБОТНИ ЈАЗИЦИ

Работни јазици на конференцијата се македонски и англиски, со обезбеден симултан превод на македонски, англиски и албански јазик.

## КОТИЗАЦИЈА

Котизацијата е задолжителна за сите учесници на конференцијата. За членките на АДКОМ, котизацијата изнесува 3.000,00 ден.+18% ДДВ, а за другите учесници изнесува 6.000,00 ден.+18% ДДВ.

## СВЕЧЕНА ВЕЧЕРА

За сите учесници на конференцијата ќе се организира свечена вечера на 12 јуни во хотелот „Белви“.

## СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕВОЗ

Сместувањето и превозот се на сопствен трошок на учесниците.
Обезбедено е сместување по повластени цени во хотелите „Метропол“ и „Белви“. Резервацијата се врши со пополнување пријава и испраќање директно во хотелот.
Учесниците што нема да престојуваат во хотелот „Метропол“ или „Белви“ сами ги сносат трошоците за оброците (980 ден. по оброк).

## ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ

Во рамките на конференцијата се организирани следните факултативни излети:
- Прошетка со брод на 12 јуни во 17:30 ч. (поаѓањето е од пристаништето на хотелот „Метропол“).
- Туристичко разгледување на Охрид со водич на 13 јуни во 17 ч.

Пријавувањето за овие активности се прави при регистрацијата и пријавените учесници ќе добијат ваучери.

## ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавувањето за конференцијата се врши со пополнување пријава преку регистрација на следниот линк:

https://shorturl.at/3nO4M

## КООРДИНАТОР НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА:

Фани Карамиха Петрушева +389 71 222899 +389 2 2461-971 adkomconference2025@gmail.com

АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија
бул. „Јане Сандански“, бр. 112-2/2, 1000 Скопје

# ВОВЕД

Иднината на комуналниот сектор е клучен аспект на одржливиот развој на нашите општества. Со брзото темпо на урбанизација, климатските промени, новите технологии и промени во потребите на граѓаните, комуналните услуги, како што се водоснабдувањето, отпадната вода, енергетската ефикасност и управувањето со отпадот, се соочуваат со нови предизвици. Оваа конференција е посветена на разгледување на идните трендови и иновации во овој сектор, како и на развојот на нови политики и стратегии кои ќе овозможат ефикасно и одржливо снабдување со комунални услуги за сите граѓани.

Преку споделување искуства, примери од практиката и стручни дискусии, ќе се обидеме да создадеме визија за тоа каков треба да биде комуналниот сектор во иднина и како можеме заедно да се подготвиме за тие промени.



- ✓ **ПРВА ПАНЕЛ-СЕСИЈА:**
  Организација на комуналните претпријатија – европски искуства и домашни предизвици
- ✓ **ВТОРА ПАНЕЛ-СЕСИЈА:**
  Дигитализација во водните услуги: Придонес за одржлив развој
- ✓ **ТРЕТА ПАНЕЛ-СЕСИЈА:**
  Иновации во третманот на отпадните води: Од отпадна вода до пазарен производ
- ✓ **ЧЕТВРТА ПАНЕЛ-СЕСИЈА:**
  Енергетска ефикасност и интеграција на обновливи извори на енергија во комуналниот сектор
- ✓ **ПЕТТА ПАНЕЛ-СЕСИЈА:**
  Интегрирано управување со отпад: Регионални депонии, селекција и одржливи решенија

# МОДЕРАТОРИ



**Линдита Шакири, раководител на Секторот за ЕУ,**
**Министерство за животна средина и просторно планирање на РС Македонија**

Линдита Шакири е висок експерт за управување со животната средина со повеќе од 25 години искуство во водниот сектор и јавните комунални услуги во РС Македонија. Таа раководи со Секторот за ЕУ при Министерството за животна средина и просторно планирање и го координира усогласувањето на законодавството, преговори за пристапување и крупни инвестициски програми. На министерско ниво ја претставува државата во разговори со Европската комисија, меѓународни финансиски институции и билатерални донатори. Претходно била државен секретар, технички директор и раководител на Единицата за имплементација на проектот за пречистителната станица за отпадни води во Скопје, каде што управувала со средства од EU и EIB. Поседува магистратура за меѓународни односи и диплома по технолошко-металуршко инженерство и е активна како обучувач, модератор и автор на политики.



**Георги Христов, советник на ГИЗ,**
**Германско друштво за меѓународна соработка во РС Македонија**

Д-р Георги Христов има над 25 години професионално искуство и моментално работи како советник/проектен менаџер за ГИЗ Отворен регионален фонд за модернизација на општинските услуги. Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје, магистрирал финансиски менаџмент на Универзитетот „Шефилд“ (Велика Британија) и докторирал менаџмент на квалитет преку метрика во системи за водоснабдување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во текот на последните 25 години Христов работел на билатерални и регионални проекти во Југоисточна Европа, финансирани од различни донатори и МФИ, и тоа во областите на децентрализација, комунални услуги, енергетика и циркуларна економија. Тој е автор/коавтор на неколку публикации за децентрализација, локална самоуправа и обезбедување комунални услуги со фокус на услугите за водоснабдување и отпадните води.

# МОДЕРАТОРИ



### Станислава Додева, раководител за Национална програма, Амбасада на Швајцарија во РС Македонија

Д-р Станислава Додева е хидроеколошки специјалист, со докторат во подрачјето на техничките науки, која е одговорна за доменот за води и животна средина во рамките на Швајцарската развојна соработка во РС Македонија. Како национален програмски советник во Амбасадата на Швајцарија во Скопје, главно се фокусира на програми и проекти за одржливо управување со водите, зачувување на биодиверзитетот, обезбедување услуги за водоснабдување, пречистување на отпадни води и управување со отпад, како и усогласување на националното со законодавството на ЕУ за животна средина преку координација со министерства, општини и граѓански организации. Со искуство од повеќе од три децении придонесува кон структурирање на реформите во секторот и зацврстување на институционалните капацитети преку мониторирање на резултатите и техничка поддршка.



### Ана Каранфилова Мазневска, раководител на Секторот за управување со отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање на РС Македонија

М-р Ана Каранфилова Мазневска е раководител на Секторот за управување со отпад во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на РС Македонија, каде работи на управување со отпад на национално ниво. М-р Мазневска Каранфилова работи на изработка на планови за управување со отпад, мониторинг и собирање податоци, како и на изработка и координација на технички и економски студии за управување со специјални текови на отпад. Таа води тим на повеќе проекти финансирани од ЕУ и од ЕБОР поврзани со управувањето со отпад.

## ДЕН 1 — 11.6.2025 - СРЕДА

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
| --- | --- |
| | **Пристигнување** |
| **17:00-20:00** | **Регистрација на учесниците** |
| **20:30-22:30** | **Коктел за добредојде** |

## ДЕН 2 — 12.6.2025 - ЧЕТВРТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
| --- | --- |
| **08:30-10:00** | **Регистрација на учесниците** |
| **10:00-10:30** | **Официјално отворање на конференцијата**<br>Модератор: Катерина Цаневска Арсовска<br>• Раско Чочков, претседател на АДКОМ<br>• Кирил Пецаков, градоначалник на Охрид<br>• Изет Меџити, министер за животна средина и просторно планирање на РС Македонија<br>• Златко Перински, министер за локална самоуправа на РС Македонија |
| **10:30-11:30** | **Кафе-пауза и разгледување на техничка изложба** |

## ДЕН 2 12.6.2025 - ЧЕТВРТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| **11:30-13:30** | **ПРВА ПАНЕЛ-СЕСИЈА: Организација на комуналните претпријатија – европски искуства и домашни предизвици** |

**Модератор: Линдита Шакири**

**Презентации:**

**1. EYDAP – Водовод и канализација Атина, Грција**
**Секоја капка е важна: Иновации кои го обликуваат водоводниот и канализацискиот сектор на иднината во Атина, Грција.**

Ефтимиос Литрас, заменик-директор за корпоративна стратегија и иновации

**2. Водовод Будимпешта – Унгарија**
**Пристап заснован на корисност: Услуги и партнерства на Водоводот на Будимпешта**

Габор Брандштетер, директор за развој, одржливост и иновации

**3. Бугарска Асоцијација за води**
**Организациски модел и искуство на операторот за водоснабдување и санитација на Софија – АД Софиска вода, дел од Веолија**

Димитар Михалков, генерален секретар на BWA

**4. НАЛАС**
**Како до подобрени услуги во секторот водоснабдување – препораки од регионалното истражување за соработката помеѓу општините и јавните претпријатија**

Александар Спасов, проектен менаџер

**Панелисти:**

- Ефтимиос Литрас, Водовод и канализација-Атина, Грција
- Габор Брандштетер, Водовод-Будимпешта, Унгарија
- Димитар Михалков, BWA, Бугарија
- Александар Спасов, НАЛАС-Скопје, РС Македонија
- Игор Спасовски, директор на ЈКП Солидарност, Виница, РС Македонија

**Видеопрезентација: Апис, Контихидроплас и Енвироплан**

## ДЕН 2 — 12.6.2025 - ЧЕТВРТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| **13:30-15:00** | **Ручек и групно фотографирање на сите учесници на конференцијата** |
| **15:00-17:00** | **ВТОРА ПАНЕЛ-СЕСИЈА:**<br>**Дигитализација во водните услуги: Придонес за одржлив развој** |

**Модератор: Георги Христов**

**Презентации:**

**1. EYATH – Водовод и канализација – Солун, Грција**
**Искуство и придобивки од користењето ИКТ-технологии**
Георгиос Ангелу, менаџер за дигитална трансформација и информатика

**2. Saur International**
**Придобивки од користењето ИКТ-технологии**
Марк Мулер - менаџер за Обединетото Кралство Saur International

**3. Асоцијација за технологија на вода и санитарно инженерство – Србија**
**Од дигитализација на мрежата до „дигитален близнак“ на водоснабдителниот систем**
Марина Николиќ, сениор ИТ-експерт за управување со средства

**Панелисти:**

- Претставник од Министерството за дигитализација на РС Македонија
- Георгиос Ангелу – Водовод и канализација, Солун, Грција
- Марк Мулер - менаџер за Обединетото Кралство Saur International
- Драган Наков – Македонски Телеком, Скопје, РС Македонија
- Данче Јошеска – ЈКП Водовод и канализација, Прилеп, РС Македонија
- Александар Шотиќ – УТВСИ, Белград, Србија

**Видеопрезентација: Пакомак, Синпекс, Green Machines, Environmental Chemicals, Biotek Solutions, Ресор**

## ДЕН 2 — 12.6.2025 - ЧЕТВРТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| 17:30-19:00 | **Прошетка со брод (за пријавените учесници)** |
| 21:00 | **Свечена заедничка вечера** |

## ДЕН 3 — 13.6.2025 - ПЕТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| 09:00-10:45 | **ТРЕТА ПАНЕЛ-СЕСИЈА: Иновации во третманот на отпадните води: Од отпадна вода до пазарен производ** |

**Модератор: Линдита Шакири**

**Презентации**

**1. VSA-Асоцијација за отпадни води – Швајцарија**

**Третман на тиња од постројки за третман на отпадни води со еквивалент на население од 500 до 100.000**

Томас Марон, Канцеларија за природа и животна средина на кантонот Граубинден, Швајцарија

**2. Екомозаик**

**Навремено вклучување на климатските промени при проектирањето и оперативноста на пречистителните станици за урбани отпадни води**

Славјанка Пејчиновска, консултант за животна средина

**3. КЈП Водовод – Кочани**

**Пречистителна станица за отпадни води ПСОВ – Кочани – Производство на квалитетно земјоделско органско ѓубриво**

Радостина Стоилкова, одговорен инженер на ПСОВ во Кочани

## ДЕН 3 — 13.6.2025 - ПЕТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| **09:00-10:45** | **4. EYDAP – Водовод и канализација Атина, Грција**<br>**Технологии за прочистување на отпадни води од новата генерација: Предизвици и пробиви**<br>Ефтимиос Литрас, заменик-директор за корпоративна стратегија и иновации, EYDAP<br>**5. Политехнички универзитет во Тирана, Албанија**<br>**Искуството на Албанија и идните предизвици во усогласувањето со преработената Директива за отпадни води**<br>Енкелејда Ѓинали, експерт за јавни политики и регулаторни реформи во водниот сектор<br>**6. RCDN – Регионална мрежа за развој на капацитети за водни услуги**<br>**WB6 - Регионален пристап - Од фрустрација до иновација**<br>Аида Јусуфхоџиќ, советник за развој на капацитети со фокус на отпадни води во тимот на ORF MMS и проектот RCDN+<br>**Панелисти:**<br>• Томас Марон, Швајцарија<br>• Славјанка Пејчиновска, Екомозаик, РС Македонија<br>• Радостина Стоилкова, ПСОВ Кочани, РС Македонија<br>• Ефтимиос Литрас, EYDAP, Грција<br>• Енкелејда Ѓинали, Политехнички универзитет во Тирана - Албанија<br>• Аида Јусуфхоџиќ, ORF MMS, Босна и Херцеговина |
| **10:45-11:30** | **Кафе-пауза и одјавување од хотел на гостите што заминуваат на 13 јуни** |

## ДЕН 3 — 13.6.2025 - ПЕТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| **11:30-13:00** | **ЧЕТВРТА ПАНЕЛ-СЕСИЈА: Енергетска ефикасност и интеграција на обновливи извори на енергија во комуналниот сектор** |

**Модератор: Станислава Додева**

**Презентации**

**1. Водовод Будимпешта – Унгарија**

**Одржливост во работењето на Водоводот на Будимпешта**

Габор Брандштетер, директор за развој, одржливост и иновации

**2. Истанбул Енерџи – Турција**

**Транзиција на урбаните комунални услуги: Поврзување на обновливата енергија и енергетската ефикасност во градот Истанбул**

Јуксел Јалчин, генерален директор

**3. КЈП Водовод – Кочани**

**Одржливост во практика: Придобивките и предизвиците на енергетската ефикасност и обновливите извори во КЈП Водовод Кочани – научени лекции**

Тодор Кушевски, раководител на Секторот за ИТ и развој

**Панелисти:**

• Габор Брандштетер, Водовод-Будимпешта, Унгарија

• Јуксел Јалчин, Истанбул Енерџи-Турција

• Тодор Кушевски, КЈП Водовод-Кочани, РС Македонија

• Марко Бислимоски, претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РС Македонија

## ДЕН 3 — 13.6.2025 - ПЕТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| **13:00-14:30** | **ПЕТТА ПАНЕЛ-СЕСИЈА: Интегрирано управување со отпад: Регионални депонии, селекција и одржливи решенија** |

**Модератор: Ана Каранфилова Мазневска**

**Презентации**

**1. FODSA – Асоцијација на агенции за управување со цврст отпад на Централна Македонија, Грција**

**Управување со отпад во Грција: добра практика во областа на Централна Македонија.**

Елени Делапорта, раководител на Одделението за оперативно планирање и истражувачки програми

**2. ТИТАН, Грција**

**ЈПП во одржливо управување со отпад**

Александрос Ифантис, директор за развој на алтернативни горива и суровини

**3. Saubermacher-ЈПП – ЈКП Тетово**

**ЈПП во практика: Од идеја до реализација – Ефикасни и одржливи услуги за управување со отпад – неопходност за општините: Добра практика со ЈКП Тетово**

Арсим Фидани, генерален директор на „Саубермахер“ во РС Македонија

**4. Стопанска комора на Србија**

**Иновативни пристапи и практични стратегии кои можат да ја поддржат зелената трансформација на комуналните претпријатија**

Небојша Вранеш, советник во Центар за циркуларна економија – Стопанска комора на Србија

**5. ПАКОМАК**

**Управување со отпад од пакување - 15 години искуство**

Филип Ивановски, извршен директор, ПАКОМАК, Скопје, РС Македонија

**6. Тексомак, РС Македонија**

**Управување со текстилен отпад - Предизвици во првата година од воспоставување на системот за проширена одговорност на производителите**

Евгенија Најдоска Грујовска

## ДЕН 3 — 13.6.2025 - ПЕТОК

| ВРЕМЕ | НАСТАН |
|---|---|
| | **Панелисти:**<br>• Елени Делапорта, FODSA, Грција<br>• Александрос Ифантис ТИТАН – Грција<br>• Арсим Фидани, Saubermacher-ЈПП – ЈКП Тетово – РС Македонија<br>• Небојша Вранеш, Стопанска комора на Србија – Белград, Србија<br>• Филип Ивановски, ПАКОМАК ДОО - Скопје, РС Македонија<br>• Евгенија Најдоска Грујовска, Тексомак, РС Македонија |
| **14:30-15:00** | **Заклучоци од конференцијата и затворање на конференцијата** |
| **15:00-16:30** | **Ручек** |
| **17:00-20:30** | **Туристичко разгледување на Охрид (за пријавените учесници)** |

## ПРВА СЕСИЈА - ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА – ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА И ДОМАШНИ ПРЕДИЗВИЦИ

**Модератор: Линдита Шакири**



### Др. Ефтимиос Литрас, заменик-директор за корпоративна стратегија и иновации, EYDAP

Ефтимиос Литрас е хемичар и металуршки инженер со 32-годишна кариера во областа на квалитет на вода и предводник на иновативни решенија во EYDAP, Водоводно претпријатие на Атина. Како заменик-директор за корпоративна стратегија и иновации, Литрас изработува долгорочни деловни планови и води истражувачки партнерства финансирани од Horizon Europe и национални програми, обезбедувајќи директна примена на осознаените резултати во операциите. Претходно раководел со Секторот за контрола на квалитет и Одделот за истражување и развој, стекнувајќи значајна експертиза во третманот и мониторингот на водите. Координирал над 40 проекти и објавил повеќе од 50 научни труда, значајно влијаејќи врз политиките и практиките за квалитетот на водите во Грција.



### Габор Брандштетер, директор за развој, одржливост и иновации Водовод – Будимпешта

Габор Брандштетер има повеќе од дваесет години искуство во секторот за водоснабдување. Тој е дипломиран економист, урбанист и инженер за производство на енергија. Габор работи во Водовод – Будимпешта повеќе од петнаесет години. Има искуство стекнато во KPMG како советник за инфраструктура и енергетика, а бил и извршен директор на партнерското водоснабдително претпријатие во Печ, Унгарија. Неговата страст за одржлива урбанизација секогаш го одржува блиску до водата.

Во неговата сегашна улога како директор за развој, одржливост и иновации, тој е одговорен не само за инвестициите на компанијата, извештаите за ESG (еколошки, социјални и управувачки прашања) и промоција на нови идеи и решенија, туку и за меѓународните активности на организацијата – работејќи на обезбедување пристап до здрава и безбедна вода за пиење и санитарни услуги за меѓународните партнери на Водовод – Будимпешта низ светот.

## ПРВА СЕСИЈА - ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА – ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА И ДОМАШНИ ПРЕДИЗВИЦИ

**Модератор: Линдита Шакири**



### Димитар Михалков, генерален секретар, Бугарска асоцијација за води

Димитар Михалков е инженер за водоснабдување кој од 2014 година има позиција на главен секретар на Бугарската асоцијација за води во Софија и го унапредува професионалниот дијалог во секторот. Михалков управува со членството, стручните обуки и застапувањето во европските и глобалните мрежи, организирајќи конференции, форуми и технички размени што ги поврзуваат комуналните претпријатија, регулаторите и академијата. Во партнерство со Министерството за регионален развој и програмата „Дунавска вода“, промовира современи прогресивни регулативи и отпорни инфраструктурни инвестиции. Дипломирал на УАГГ и целата кариера ја посветил на пренесување знаење и зајакнување на партнерствата во бугарскиот воден сектор.



### Александар Спасов, раководител на проект, НАЛАС

Александар Спасов е политиколог кој им помага на општините да обезбедат надворешно финансирање за развој и има над 15 години искуство во локален и регионален развој. Од септември 2024 Спасов работи како проектен раководител во НАЛАС – Мрежата на здруженија на единиците на локална самоуправа од Југоисточна Европа, каде што осмислува, спроведува и оценува проекти кои фаворизираат јакнење на административните капацитети и подобрување на услугите. Од Секретаријатот во Скопје управува со програми на ЕУ IPA, JICA и USAID и организира приспособени обуки за стратешко планирање и управување со грантови. Спасов е дипломиран политиколог на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и редовно учествува на меѓународни академии за градење капацитети, пренесувајќи го своето знаење од долгогодишната стекната експертиза.

## ПРВА СЕСИЈА - ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА – ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА И ДОМАШНИ ПРЕДИЗВИЦИ

**Модератор: Линдита Шакири**



### Игор Спасовски, генерален директор, ЈП „Солидарност“ – Виница

Игор Спасовски е магистер по административно право со повеќе од дваесет години искуство во водниот сектор и јавните услуги. Од 2020 година повторно го предводи јавното претпријатие „Солидарност“, функција што ја извршувал и во периодот 2009 – 2017, координирајќи водоснабдување и управување со отпад за над 10 000 жители и претставувајќи го претпријатието во регионални иницијативи. Во рамките на АДКОМ претседавал со Надзорниот, а потоа и со Управниот одбор, водејќи бенчмаркинг, управување со средства и RCDN+ проекти во соработка со министерствата, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и IAWD. Кариерата на Спасовски демонстрира цврсто лидерство во реформи поддржани од донатори и управување со повеќе засегнати страни во водниот сектор на РС Македонија.

## ВТОРА СЕСИЈА - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ВОДНИТЕ УСЛУГИ: ПРИДОНЕС ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

**Модератор: Георги Христов**



### Д-р Георгиос Н. Ангелу, директор за дигитална трансформација и информациски технологии (и CISO), EYATH S.A.

Георгиос Н. Ангелу е електро- и компјутерски инженер чие истражување во техно-економика стои зад дигиталната еволуција на солунското водоводно претпријатие EYATH. Ангелу управува со стратегијата за податоци, кибербезбедноста и автоматизацискиот патоказ, истовремено менторирајќи интердисциплинарни тимови и вршејќи ја функцијата главен раководител за информатичка безбедност. Поранешните раководни улоги во операции, одржување, истражување и развој и човечки ресурси му обезбедуваат целосен увид во перформансите на компанијата. Поседува докторат во евалуација на инвестиции во информациски системи, МБА по техно-економија и две магистерски дипломи, а има објавено 26 рецензирани трудови за ИКТ-ризик, оптимизација на мрежи и креирање корпоративна вредност.



### Марина Николиќ, сениор ИТ-експерт за управување со средства

Марина Николиќ е активно вработена во БВС од 2008 година, а моментално ја извршува функцијата на сениор инженер за управување со средства. Има дипломирано на Градежниот факултет во Белград, на отсекот за хидротехничко инженерство. Нејзината кариера започнала како ГИС инженер, а понатаму се развила во експерт за анализа на перформансите на водоводните системи. Особено е квалификувана за изработка на хидраулични модели на постојни водоводни системи. Резултатите од нејзините анализи се користат за намалување на неприходованата вода (NRW) и за давање препораки за унапредување на функционирањето на целиот систем. Таа има развиено соодветен пристап кон различни водоводни системи, без разлика дали станува збор за голем систем како Белградскиот водовод со вкупна должина на мрежата од 4 000 км или за мали системи од 30 км. Како консултант и локален експерт, успешно соработува со IAWD и GIZ на различни проекти во регионот. Николиќ е член на Здружението за технологија на вода и санитарно инженерство и на Стопанската комора на инженери на Србија.

## ВТОРА СЕСИЈА - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ВОДНИТЕ УСЛУГИ: ПРИДОНЕС ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

**Модератор: Георги Христов**



### Драган Наков – Македонски Телеком, Скопје, РС Македонија

Драган Наков е лидер за имплементација и одржување деловни решенија во Македонски Телеком. Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје. Во текот на последните 15 години учествува во реализацијата на проекти во областа на дигитализација и обезбедување напредни решенија за мрежно поврзување на јавните и приватни компании. Исто така, учествува во реализацијата на повеќе договори и технички решенија имплементирани од страна на Македонски Телеком од областа на Smart City, како што се Smart light, Smart energy monitor and metering, Smart water metering, and Smart ticketing and vehicle control systems.



### Марк Мулер - менаџер за Обединетото Кралство Saur International

Марк Мулер има универзитетска диплома по урбана географија и МБА од Instituto de Empresa. Тој е сертифициран практичар за јавно-приватни партнерства (PPP) од APMG и со текот на годините се развил како специјалист за водоснабдување со силен интерес за јавно-приватна соработка во подобрување на управувањето со водоводните претпријатија и достапните финансиски опции за развој на нова инфраструктура. Во моментов Марк е менаџер за Обединетото Кралство во компанијата Saur International, каде што му помага на секторот да се справи со предизвиците што ги носи AMP8. Претходно поминал 18 години во Aqualia, каде што бил вклучен во проекти на Балканот, како и во Централна и Западна Европа.

## ВТОРА СЕСИЈА - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ВОДНИТЕ УСЛУГИ: ПРИДОНЕС ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

**Модератор: Георги Христов**



### Александар Шотиќ, професор на Високата градежна школа во Белград и експерт за водна инфраструктура

Александар Шотиќ е професор на Високата градежна школа во Белград и член на Управниот одбор на УТВСИ, кој ја спојува академската настава со практично инженерство низ Југоисточна Европа. Како предавач ги подготвува идните инженери и промовира отпорна водна инфраструктура. Докторирал на Универзитетот во Белград и стекнал мултидисциплинарна експертиза во Институтот за сообраќај, Градежниот факултет, ЈКП „Водовод" Белград, EC Harris и GOPA-Intec, модернизирајќи мрежи низ Западен Балкан. Во поново време раководел со проекти на Светска банка, IAWD и GIZ за управување со средства, анализа на ризик и безбедност на системи и објавил многубројни трудови за одржливо работење и стратешко инфраструктурно планирање, советувајќи општини и комунални претпријатија во регионот.



### Данче Јошеска, раководител на Секторот за технички работи и развој ЈКП Водовод и канализација – Прилеп

Данче Јошеска е дипломиран инженер по информатички технологии со повеќе од 15 години искуство во јавниот сектор, особено во областа на управување со проекти и технички развој во водоснабдувањето.
Во рамките на својата функција како раководител на Секторот за технички работи и развој во ЈКП Водовод и канализација – Прилеп, активно работи на процеси на дигитализација и имплементација на напредни технолошки решенија. Нејзиното професионално портфолио вклучува искуство со SCADA системи, GIS апликации, управување со бази на податоци, дигитални алатки за мониторинг и анализа, како и развој на тарифи и деловни планови со користење дигитални модели. Јошеска е сертифициран обучувач во рамки на D-LeaP програмата за финансирање на водни услуги и има учествувано како технички менаџер во проекти поддржани од ЕУ и други меѓународни фондови. Со јасна визија за иднината на дигитализацијата во секторот вода, таа се залага за унапредување на дигиталната трансформација во јавните комунални претпријатија и е активен промотор на современи технолошки решенија за одржливо управување со ресурсите.

## ТРЕТА СЕСИЈА - ИНОВАЦИИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ: ОД ОТПАДНА ВОДА ДО ПАЗАРЕН ПРОИЗВОД

**Модератор: Линдита Шакири**



### Славјанка Пејчиновска-Андонова, консултант за животна средина

Славјанка Пејчиновска-Андонова е инженер за животна средина со магистратура и 18 години искуство во работата на влади, претпријатија и финансиери во справување со климата и инфраструктурни ризици. Пејчиновска-Андонова, како независен консултант во Скопје, подготвува EIA, стратешки студии и планови за Светска банка, ЕБОР, ЕИБ, KfW и FAO. Портфолиото опфаќа работа со пречистителни станици кои работат според ЕУ-регулативи. Со над 100 EIA, 15 еколошко-социјални студии и обуки за општински кадар, обединува техничка строгост и посредување меѓу засегнатите страни за остварување на целите на проектите во секторот. Славјанка, исто така, објавува научни трудови за климатска адаптација и рутински предава на регионални конференции, споделувајќи ги своите практични искуства со пошироката стручна јавност.



### Томас Марон, Канцеларија за природа и животна средина на кантонот Граубинден, Швајцарија

Томас Марон работи во Канцеларијата за природа и животна средина на кантонот Граубинден, Швајцарија. Тој е одговорен за работата на приближно 140 јавни и над 300 приватни постројки за пречистување на отпадни води, обезбедувајќи техничко водство и регулаторен надзор. Дополнително, Томас ги советува општините за третманот на отпадните води и се грижи за усогласеност со швајцарскиот закон за заштита на водите.

## ТРЕТА СЕСИЈА - ИНОВАЦИИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ: ОД ОТПАДНА ВОДА ДО ПАЗАРЕН ПРОИЗВОД

**Модератор: Линдита Шакири**



### Радостина Стоилкова, одговорен инженер, КЈП Водовод – Кочани

Радостина Стоилкова е хемиски инженер кој ја комбинира контролата на индустриските процеси со аналитичка хемија за одржување на квалитетот на водата. Стоилкова како главен инженер на лабораторијата на КЈП Водовод – Кочани раководи со процесите на земање примероци, анализа и давање извештаи за водата за пиење соработувајќи со оператори и здравствени власти. Нејзиниот професионален пат вклучува позиции како технолог во „Хартија КО“ и контролор на механизација во ГТД „Бетон“, а од 2014 до 2018 раководела лабораторија во „Антура“. Поседува ТоТ сертификати и напредни вештини за „Мајкрософт офис“ и алатки за анализа на податоци, искуство кое го применува во јавната служба. Радостина редовно учествува на национални работилници за водни стандарди, пренесувајќи ги најдобрите практики во локалните процеси.



### Др. Ефтимиос Литрас, заменик-директор за корпоративна стратегија и иновации, EYDAP

Ефтимиос Литрас е хемичар и металуршки инженер со 32-годишна кариера во областа на квалитет на вода и предводник на иновативни решенија во EYDAP, Водоводно претпријатие на Атина. Како заменик-директор за корпоративна стратегија и иновации, Литрас изработува долгорочни деловни планови и води истражувачки партнерства финансирани од Horizon Europe и национални програми, обезбедувајќи директна примена на осознаените резултати во операциите. Претходно раководел со Секторот за контрола на квалитет и Одделот за истражување и развој, стекнувајќи значајна експертиза во третманот и мониторингот на водите. Координирал над 40 проекти и објавил повеќе од 50 научни труда, значајно влијаејќи врз политиките и практиките за квалитетот на водите во Грција.

## ТРЕТА СЕСИЈА - ИНОВАЦИИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ: ОД ОТПАДНА ВОДА ДО ПАЗАРЕН ПРОИЗВОД

**Модератор: Линдита Шакири**



### Аида Јусуфхоџиќ, советник за развој на капацитети со фокус на отпадни води во тимот на ORF MMS и проектот RCDN+

Аида Јусуфхоџиќ е висок стручен кадар во областа на животната средина со повеќе од 20 години работно искуство, од кои 17 години се посветени на водниот сектор. Нејзината професионална кариера опфаќа планирање на инфраструктура, имплементација на одржливи технологии, развој на капацитети и управување – особено во контекстот на управување со отпадни води во Босна и Херцеговина.

Аида одигра клучна улога во воспоставувањето на Регионалната мрежа за развој на капацитети (RCDN) за земјите од Западен Балкан (WB6), придонесувајќи во создавањето на нејзината почетна понуда за развој на капацитети и обликување на темелите на мрежата.

Таа има водено многу инвестициски проекти во секторот за отпадни води како раководител на тим, експерт и консултант. Нејзината експертиза вклучува управување со проекти, јавни набавки и администрација на договори според FIDIC моделите, особено во рамките на комплексни, мултифинансирани иницијативи поддржани од институции како што се KfW, Европската комисија (IPA) и националните влади.



### Проф. д-р Енкелејда Ѓинали-Албанија

Проф. д-р Енкелејда Ѓинали е истакнат и признат стручњак во областа на јавните политики и техничките советодавни услуги во водниот сектор, со посебен акцент на реформите во водниот сектор, законодавните и регулаторни практики, управувањето со водните комунални претпријатија и комерцијалната регулација, вклучувањето на приватниот сектор во испораката на услуги и интеграцијата со политиките на Европската Унија во водниот сектор. Нејзиното познавање на клучните прашања што го дефинираат успехот во овој сектор за владините институции на сите нивоа ја направи ценет и баран експертски советник во Албанија и во регионот.

Ѓинали ја стекна својата прва магистерска диплома во 1992 година на Катедрата за хидротехничко и хидраулично инженерство при Градежниот факултет во Албанија. Истата година ја започна и својата академска кариера како предавач на истата катедра. Подоцна ја доби и својата втора магистерска диплома по еколошки инженеринг на École Nationale Supérieure d'Ingénieurs de Poitiers во Франција. Нејзиното истражување го спроведе во едно од најголемите комунални претпријатија за третман на вода во светот — Leyonnaise des Eaux, Бордо, Франција. Нејзината докторска дисертација на тема „Третман на отпадни води за мали и средни заедници" се смета за прв научен истражувачки труд за постројки за третман на отпадни води во Албанија. По нејзиното истражување следуваа и неколку публикации и научни статии.

## ЧЕТВРТА СЕСИЈА - ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ИНТЕГРАЦИЈА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО КОМУНАЛНИОТ СЕКТОР

**Модератор: Станислава Додева**



### Габор Брандштетер, директор за развој, одржливост и иновации Водовод – Будимпешта

Габор Брандштетер има повеќе од дваесет години искуство во секторот за водоснабдување. Тој е дипломиран економист, урбанист и инженер за производство на енергија. Габор работи во Водовод – Будимпешта повеќе од петнаесет години. Има искуство стекнато во KPMG како советник за инфраструктура и енергетика, а бил и извршен директор на партнерското водоснабдително претпријатие во Печ, Унгарија. Неговата страст за одржлива урбанизација секогаш го одржува блиску до водата.
Во неговата сегашна улога како директор за развој, одржливост и иновации, тој е одговорен не само за инвестициите на компанијата, извештаите за ESG (еколошки, социјални и управувачки прашања) и промоција на нови идеи и решенија, туку и за меѓународните активности на организацијата – работејќи на обезбедување пристап до здрава и безбедна вода за пиење и санитарни услуги за меѓународните партнери на Водовод – Будимпешта низ светот.



### Др. Јуксел Јалчин, генерален директор, „Истанбул енерџи“ АД

Јуксел Јалчин е индустриски инженер кој од декември 2020 раководи со „Истанбул енерџи“, енергетската компанија на Град Истанбул. Дипломирал индустриски инженеринг на Техничкиот универзитет „Yıldız“, има МБА од Универзитетот „Beykent“ и привршува докторат по бизнис-администрација на „Истанбул Ајдин“. Кариерата ја започнал во 1992 во планирање на производство, маркетинг и управување со квалитет, а од 2013 до 2020 бил генерален директор на водечки производител на индустриска кујнска опрема. Сертифициран е како ISO-9000 главен ревизор и обучен за задоволување на клиенти, истражување и развој и управување со иновации. Јалчин претседава со здружението GÜSİAD и е член на неколку инженерски фондации, промовирајќи професионална извонредност и стратешки иновации во турската индустрија.

## ЧЕТВРТА СЕСИЈА - ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ИНТЕГРАЦИЈА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО КОМУНАЛНИОТ СЕКТОР

**Модератор: Станислава Додева**



### Тодор Кушевски, раководител на Секторот за ИТ и развој, КЈП Кочани

М-р Тодор Кушевски е електроинженер кој специјализира во компјутерска технологија и е предводник на дигиталната иновација за КЈП Кочани. Како раководител на Секторот за ИТ и развој, ги дизајнира и оперира со информациски системи кои поддржуваат водоснабдителни операции, услуга за корисници и процена на расположливи средства. Преку работа од Кочани ја координира работата со интернационални партнери на проекти поддржани од FP7, Југоисточна европска програма, ИПА прекугранична соработка, UNDP и USAID. Во своето работно портфолио вклучува и надзор на управување со проекти на пречистителните станици за третман на отпадни води финансирани од Швајцарија, Фабрика за вода за пиење поддржана од Франција и Геотермален систем поддржан од Австрија. Преку долгогодишното искуство на различни проекти се демонстрира неговата способност да се применат комплексни инженерски концепти во практични решенија.



### Марко Бислимоски, претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и управување со комунален отпад (Република Северна Македонија)

Марко Бислимоски е електроинженер кој ја обликува регулативата на енергетскиот пазар во земјата. Од 2018 година раководи со Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и управување со отпад, насочувајќи ја изработката на тарифни модели, либерализација на пазарот и усогласување со законите на ЕУ. Под негово водство Комисијата пет години по ред е прогласена за најдобар регулатор од страна на Енергетската заедница, а во 2022 година вовел трошочно ориентиран модел за тарифи на електрична енергија што ја закотви реформата во секторот. Бислимоски двапати претседавал со Одборот на регулатори на Енергетската заедница, унапредувајќи ја прекуграничната соработка во Југоисточна Европа, а претходно (2016–2018) го водел Секторот за електрична енергија при РКЕ. Поседува магистратура од Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ПЕТТА СЕСИЈА - ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД: РЕГИОНАЛНИ ДЕПОНИИ, СЕЛЕКЦИЈА И ОДРЖЛИВИ РЕШЕНИЈА

**Модератор: Ана Каранфилова Мазневска**



### Елени Делапорта, ФОДСА, Грција

Елени Делапорта е раководител на Одделението за оперативно планирање и истражувачки програми при Дирекцијата за развојно планирање, следење и информатичка технологија на ФОДСА ЦМ.



### Александрос Ифантис, директор на алтернативни горива и сирови суровини, Цементарница Титан, Грција

Александрос Ифантис е хемиски инженер кој ја насочува Цементарница Титан - Грција кон нискојаглеродно производство преку алтернативни горива и користење кружна економија. Работи на стратегии за замена на јаглен и петкокс со биомаса, гориво добиено од отпад и индустриски нуспроизводи затворајќи ги материјалните циклуси во сите фабрики на компанијата. Ифантис ѝ се приклучил на групацијата во 2007 година и, по улоги во набавки и синџир на снабдување, преминал во животната средина, каде што денес ги предводи корпоративниот патоказ за декарбонизација и показателите на одржливост. Претходно стекнал искуство во индустријата за метал и пластика, совладувајќи го управувањето со големи индустриски процеси. Како член на Управниот одбор на СЕПАН – Федерацијата на грчките индустрии за рециклирање и енергетско искористување, застапува политики што го забрзуваат ефикасното користење на ресурси и нискојаглеродниот раст.

## ПЕТТА СЕСИЈА - ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД: РЕГИОНАЛНИ ДЕПОНИИ, СЕЛЕКЦИЈА И ОДРЖЛИВИ РЕШЕНИЈА

**Модератор: Ана Каранфилова Мазневска**



### Арсим Фидани,
### генерален директор на „Саубермахер“ во РС Македонија

Арсим Фидани има разновидно и мултидисциплинарно искуство кое ги опфаќа академијата, јавната администрација, меѓународната соработка и управувањето со животната средина. Со силна основа во информатичката технологија и управување со проекти, стекната преку искуството во приватниот сектор, тој успешно раководел со многубројни проекти и програми финансирани од ЕУ, насочени кон регионален развој и интеграција. Неговото лидерство во различни професионални и менаџерски позиции одиграло клучна улога во обликувањето високо ниво на еколошки политики и стратешко управување. Во моментов Арсим Фидани ја извршува функцијата генерален директор на „Саубермахер“ во Република Северна Македонија, каде што ја предводи имплементацијата на иновативни и одржливи решенија во областа на управувањето со отпадот.



### Небојша Вранеш, советник во Центарот за циркуларна економија – Стопанска комора на Србија

Небојша Вранеш има над 25 години искуство во областа на управувањето со посебни текови на отпад и опасен отпад. Соработува на меѓународни проекти и е специјализиран за избор на најдобро достапни технологии за третман на отпад. Во моментов е советник во Центарот за циркуларна економија при Стопанската комора на Србија, каде што е задолжен за теми како индустриска симбиоза, концептот „крај на отпадот“, енергија од отпад, нулта отпад и развој на рециклажната индустрија во Србија.

## ПЕТТА СЕСИЈА - ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД: РЕГИОНАЛНИ ДЕПОНИИ, СЕЛЕКЦИЈА И ОДРЖЛИВИ РЕШЕНИЈА

**Модератор: Ана Каранфилова Мазневска**



### Филип Ивановски, извршен директор на ПАКОМАК ДОО

Дипломиран машински инженер со магистратура по менаџмент од Универзитетот „Шефилд" (2004) и докторска титула од Економскиот факултет при УКИМ (2013). Кариерата ја започнува во АД „Пивара Скопје" (1997), каде што работи на технички проекти со „Хајнекен" и „Кока-Кола". Потоа работи на пуштање нова линија во „Словин југококта" и како проектен менаџер за изградба на фабриката на „Горска". Од 2004 до 2011 е извршен директор на „Горска вода", каде што ја развива компанијата од основа до водечки бренд. Од 2010 е на чело на „Пакомак", каде што поставува ефикасен систем за управување со отпад. Од 2006 е дел од УАЦС, а од 2019 е вонреден професор. Има посетено над 50 обуки, учествувано на над 50 конференции и има објавено 12 научни труда, од кои 11 во странски списанија.



### Евгенија Најдоска Грујовска, Тексомак, РС Македонија

Одговорна за управување, планирање и имплементирање системи за селекција и собирање текстилен отпад, реализација на односи со клиенти и институции, организирање и водење медиумски кампањи и едукативни работилници за подигнување на свеста за текстилниот отпад и контрола на работењето на колективниот постапувач.

## УЧЕСНИЦИ НА ТЕХНИЧКА ИЗЛОЖБА:

**APIS CENTAR DOO**

**TDPTU KONTI HIDROPLAST DOOEL**

**ENVIROPLAN S.A. – CONSULTANTS & ENGINEERSE**

**PAKOMAK DOO**

**SINPEKS DOO**

**GREEN MACHINES**

**ENVIRONMENTAL CHEMICALS - ENVI-CHEM**

**BIOTEK SOLUTIONS DOO**

**RESOR DOO**

## ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНО ОД:

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by:
giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Confederation

Federal Department of Economic Affairs,
Education and Research EAER
**State Secretariat for Economic Affairs SECO**

RCDN

## СПОНЗОРИ:

ENVIROPLAN S.A. Consultants & Engineers

apis auma prodajni i servisni centar

KONTI HIDROPLAST

**АДКОМ** Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија